**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# ОНЛАЈН ОБУКА НА ТЕМА:

# „Заштитата на личните податоци наспроти Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“

**Скопје**
**01 декември 2021 година**
**ЗООМ платформа**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за офицерите за заштита на личните податоци и за лицата кои постапуваат по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Правото на заштитата на личните податоци и правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер се основни вредности во едно демократско општество.

Со Законот за заштита на личните податоци се уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци. Од друга страна Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер има цел да обезбеди јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат своето право на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Почитувањето на овие права (правото на заштитата на личните податоци и правото на слободен пристап на информациите од јавен карактер) ги промовира демократските вредности и придонесува за развојот на демократска држава и општество.

За постигнувањето на праведна рамнотежа помеѓу двете права не постои единствено решение кое може да се применува во сите случаи, а за балансирањето е потребно знаење, вештини и професионализам, а пред се солидно познавање на двата закона.

Целта на оваа обука е да им помогне на офицерите за заштита на личните податоци и службените лица за посредување со информации од јавен карактер, во конкретните случаи по кои ќе постапуваат, а се засегнати и двете права, полесно да го најдат потребниот баланс.

Анализирањето на целите на двата закони, разбирањето на двата концепти и начела, претставува добра појдовна точка за полесно донесување одлуки кое право во конкретниот случај треба да преовладува.

## МАТЕРИЈАЛ

- Презентации од излагачите

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОНЛАЈН ОБУКАТА

ЗООМ платформа

## ЛИНК ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОНЛАЈН ОБУКАТА

На пријавените учесници линкот ќе им биде доставен на емаил адреса 2 дена пред одржување на обуката.

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКАТА

**Ивана Милановиќ**, Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Електронска пошта: Ivana.Milanovik@jpacademy.gov.mk и тел. 02/2401-572

## ИЗЛАГАЧИ

**г-а Мануела Станоевска-Стоилковска,** виш супервизор и раководител на одделение за нарушување на безбедноста и повреди на правото за заштита на личните податоци

**г-н Петар Гајдов**, помошник раководител на сектор за управно-правни и општи работи во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# П Р О Г Р А М А

## 01 декември 2021 година (среда)

11:00-12:30 Заштита на личните податоци

- Прашања и дискусија

***г-а Мануела Станоевска-Стоилковска,***
***Агенција за заштита на личните податоци***

12:30-13.00 Пауза

13:00-14:30 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

- Прашања и дискусија

***г-н Петар Гајдов,***
***Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер***

14:30-14:35 Пополнување на прашалник за оценка на обуката